РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.No 01-262/6
06.09.2022 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20) согласно член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.11/2015 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.217/21 и 159/22), директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки бр. 01-262/1 од 18.02.2022 година и тоа

### Член 2

Во глава III. Опис на работни места во Бирото и набавки, член 10 точка 5. Сектор за правни и административни работи, кај работното место со реден број 51, шифра УПР 01 01 Б03 000, ниво Б03, звање-помошник раководител на сектор, назив на работно место- помошник раководител на сектор за правни и административни работи , во делот „вид на образование„ по зборовите „економски науки„ се додаваат зборовите или политички науки

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Правни науки или организациони науки и управување (менаџмент) или економски науки или политички науки |

### Член 3

Во глава III. Опис на работни места во Бирото и набавки, член 10 точка 5. Сектор за правни и административни работи, 5.2 Одделение за административни работи, кај работното место со реден број 57, шифра УПР 01 01 Б04 000, ниво Б04, звање- раководител на одделение, назив на работно место - раководител на одделение за административни работи , во делот

[1] 01-262/6 [2022]

„вид на образование„ по зборовите „правни науки„ се додаваат зборовите или организациони науки и управување (менаџмент) или економски науки

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Правни науки или организациони науки и управување (менаџмент) или економски науки |

Член 4

Во Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки со бр.01-262/1 од 18.02.2022 година, за кој имаме согласност од Министерството за инфроматичко општество и администрација со бр.09-859/2 од 11.03.2022 година, во глава III. Опис на работни места во Бирото и набавки, член 10 точка 5. Сектор за правни и административни работи, 5.2 Одделение за административни работи, направена е техничка грешка кај работното место со реден број 60 – Помлад соработник за општи работи-економ, со што се врши исправка во делот на шифрата и нивото на работното место и гласи:

| | |
|---|---|
| Шифра | УПР 01 01 В04 000 |
| Ниво | В04 |

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. __________ / __

___________ година

Директор

Борче Хаџиев